Бр. 19-1031/2
29.10.2021 година
Скопје

Врз основа на член 89, став 6 и член 90, став 1, точка 7 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија, на 2. седница одржана на 29.10.2021 година, го утврди следниов

# ДЕЛОВНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА РАБОТА И ОДЛУЧУВАЊЕТО НА ИНТЕРУНИВЕРЗИТЕТСКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**(пречистен текст)***

***Предмет на уредување***

**Член 1**

Со овој Деловник на Интеруниверзитетската конференција се уредуваат начинот на работа, одржувањето на седниците и одлучувањето на Интеруниверзитетската конференција.

***Начин на работа***

**Член 2**

Интеруниверзитетската конференција работи на седници.

**Член 3**

За присуството на седници на членовите на Интеруниверзитетската конференција се води евидентен лист, кој го потпишуваат присутните членови на Интеруниверзитетската конференција.

**Член 4**

Членот на Интеруниверзитетската конференција има право и должност да присуствува на седниците на Интеруниверзитетската конференција, да се подготвува за секоја седница и да учествува во работата и одлучувањето на Интеруниверзитетската конференција.

Членот на Интеруниверзитетската конференција може да отсуствува од седницата само од оправдани причини и е должен, најмалку еден ден пред одржувањето на седницата, во писмена или друга соодветна форма, да го извести претседателот на Интеруниверзитетската конференција. Оправданоста на причините за отсуството ја оценува претседателот на Интеруниверзитетската конференција.

Претседателот на Интеруниверзитетската конференција го повикува и му укажува за последиците заради нивото и карактерот на дејноста на членот кој трипати едноподруго не присуствувал на седниците, а не го оправдал своето отсуство.

Доколку и понатаму членот на Интеруниверзитетската конференција неоправдано отсуствува, претседателот на Интеруниверзитетската конференција писмено ја известува членката што го избрала и може да побара да избере друг член во Интеруниверзитетската конференција.

Членот на Интеруниверзитетската конференција може да присуствува на седниците на работните тела и на комисиите на Универзитетот иако не е член на тие тела, како и право да учествува во нивната работа, без право на одлучување.

**Член 5**

Членот на Интеруниверзитетската конференција има право и должност да гласа или да се воздржи од гласање.

**Член 6**

Членот на Интеруниверзитетската конференција, на седница, има право:

- да предлага донесување општи и поединечни акти од надлежноста на Интеруниверзитетската конференција;
- да учествува во претресот на предлог-актите од алинеја 1 на овој член што се на дневен ред на седницата и да дава свои предлози при нивното донесување. За изнесениот предлог на членот на Интеруниверзитетската конференција се изјаснува Интеруниверзитетската конференција со гласање, на начин утврден со овој Деловник;
- да предлага разгледување на други прашања од надлежноста на Интеруниверзитетската конференција.

**Член 7**

Членот на Интеруниверзитетската конференција има право да поставува прашања во врска со дневниот ред на седницата.

Одговорите на прашањата се даваат на истата седница или на првата наредна седница.

Членот на Интеруниверзитетската конференција има право да поставува прашања и до Интеруниверзитетската ректорска управа и да бара одговор, а одговорот да го добие на наредната седница или на негово писмено барање или друга соодветна форма, и во покус рок.

**Член 8**

Членот на Интеруниверзитетската конференција е должен да ја информира членката универзитет за работата на Интеруниверзитетската конференција.

**Член 9**

Членот на Интеруниверзитетската конференција е должен да ја чува државната, службената, воената и деловната класифицирана информација.

Како класифицирана информација се сметаат податоците што членот на Интеруниверзитетската конференција ќе ги дознае на седница на Интеруниверзитетската конференција или на седница на работно тело и на комисија во врска со прашањето за кое се расправа без присуство на јавноста.

Како класифицирана информација се сметаат и сите материјали што ѝ се упатуваат на Интеруниверзитетската конференција, а кои како такви се означени.

***Седници на Интеруниверзитетската конференција***

**Член 10**

Интеруниверзитетската конференција заседава на седници.

Интеруниверзитетската конференција може да одржува и вонредни седници.

Интеруниверзитетската конференција може да одржува и свечени седници по повод јубилеи, прослави и во други случаи (комеморативни седници и др.).

**Член 11**

Претседателот на Интеруниверзитетската конференција ги свикува и раководи со седниците на Интеруниверзитетската конференција, се грижи за примената на Статутот и Деловникот, дава појаснувања во врска со примената на Статутот и Деловникот и се грижи за редот на седниците.

По овластување на претседателот, како и во случаи на спреченост на претседателот, седницата ја свикува и со неа раководи овластеното лице од претседателот на Интеруниверзитетската конференција.

### Член 12

Интеруниверзитетската конференција се свикува и на барање на најмалку 2 (две) членки во состав на Интеруниверзитетската конференција, на барање на Интеруниверзитетската ректорската управа и на барање на 1/5 (една петтина) од членовите на Интеруниверзитетската конференција.

### Член 13

На седниците на Интеруниверзитетската конференција можат да бидат поканети и претставници на заинтересирани организации, установи и други правни лица и поединци.

### Член 14

На седниците присуствуваат и претседателите (или од нив овластен претставник) на комисиите на Интеруниверзитетската конференција, како и претседателите (или од нив овластен претставник) на работните тела што ги формира Интеруниверзитетската конференција. Овие лица присуствуваат во случаите кога на седницата се разгледуваат прашања кои претходно биле разгледувани од страна на овие комисии, односно работни тела.

### Член 15

Седниците на Интеруниверзитетската конференција се свикуваат со покана за седница, која содржи: датум, место, начин, ден, време на одржување на седницата, предлог на дневен ред со материјали по прашањата што се предлагаат за дневниот ред за седницата и записникот од претходната седница.

Поканата за седница се доставува до членовите на Интеруниверзитетската конференција и до учесниците најмалку 7 (седум) дена пред одржувањето на седницата.

Дневниот ред и материјалите за седниците на Интеруниверзитетската конференција се објавуваат на веб-страницата на Интеруниверзитетската конференција.

Во вонредни, итни случаи, поканата може да биде доставена во покус рок. Седницата ќе се одржи доколку Интеруниверзитетската конференција ги прифати причините за нејзиното итно свикување.

### Член 16

Доколку седницата не се одржи поради неприсуство на доволен број членови на Интеруниверзитетската конференција утврден со Статутот, седницата се презакажува во рок од најмногу седум дена, и до членовите и учесниците се доставува нова покана со истиот предлог на дневен ред.

Закажаната седница се одлага и во случај кога ќе настапат причини кои го оневозможуваат нејзиното одржување во закажаниот ден и се презакажува на истиот начин.

### Член 17

Предлогот на дневниот ред, начинот и денот на одржувањето на седницата на Интеруниверзитетската конференција ги утврдува претседателот на Интеруниверзитетската конференција или овластеното лице од претседателот.

Право да предлага точки за дневен ред на седница има секој член на Интеруниверзитетската конференција. Предлогот се доставува во писмена форма, најмалку 20 дена пред одржувањето на седницата. Материјалите пристигнати по овој рок нема да бидат вклучени како точка во дневниот ред за претстојната седница.

Секој член на Универзитетскиот сенат, во итни случаи, може да предлага измени и дополнувања на предложениот дневен ред. Предлагачот е должен да ја образложи итноста и

важноста на новата точка на дневниот ред и да достави писмен образложен предлог или предлогот усно да го образложи на седницата на Универзитетскиот сенат.

Предлогот содржи образложение, цел, акт што треба да се донесе и други елементи кои го оправдуваат предлогот.

Ако предлогот биде ставен на дневен ред, образложение поднесува и претседателот до членовите на Интеруниверзитетската конференција.

**Член 18**

Предложениот дневен ред го утврдува Интеруниверзитетската конференција на почетокот на седницата, откако ќе се утврди дека има кворум за работа утврден со Статутот на Интеруниверзитетската конференција.

Секој член на Интеруниверзитетската конференција, во итни случаи, може да предлага измени и дополнувања на предложениот дневен ред.

Предлагачот е должен да ја образложи итноста и важноста на новата точка на дневниот ред и да достави писмен образложен предлог или предлогот усно да го образложи на седницата на Интеруниверзитетската конференција.

**Член 19**

По усвојувањето на дневниот ред, Интеруниверзитетската конференција го утврдува записникот од претходната седница. Записникот на кој не се ставени забелешки, како и записникот со усвоените забелешки и извршените измени, се смета за утврден и се усвојува со јавно гласање.

Усвоениот записник го потпишува претседателот на Интеруниверзитетската конференција по завршувањето на седницата.

**Член 20**

По утврдувањето на дневниот ред и прифаќањето на записникот, се преминува на претресување на прашањата од дневниот ред.

Претресот по поединечните точки започнува со излагање на предлагачот, кое не може да биде подолго од десет минути, и трае сѐ додека по него се пријавуваат учесници за збор.

Секој учесник има право на дискусија до пет минути, но не повеќе од двапати за иста точка.

Претседателот на Интеруниверзитетската конференција го опоменува членот доколку се оддалечи од предметот на претресот и ако не се придржува на времето и бројот на јавувањата од претходниот став на овој член, и може да му го одземе зборот.

**Член 21**

Збор за дискусија се добива од претседателот на Интеруниверзитетската конференција по редоследот според кој дискутантите се пријавиле за дискусија.

**Член 22**

Во текот на претресот, Интеруниверзитетската конференција може, на предлог на претседателот или на член на Интеруниверзитетската конференција, да донесе одлука разгледувањето на тековното прашање од дневниот ред да се прекине за да може предметот повторно да се проучи или да се дополни материјалот, односно да се прибават потребните податоци за идната седница.

**Член 23**

За работата на седницата на Интеруниверзитетската конференција се води записник.

Во записникот се внесуваат: бројот на седницата, местото на одржувањето на седницата, денот и часот кога се одржува седницата, присутните членови, отсутните членови кои го оправдале, односно кои не го оправдале отсуството, евентуалното одлагање или прекинување на

седницата, другите присутни лица на седницата, заклучокот за усвојување на записникот од претходната седница со евентуалните измени, усвоениот дневен ред.

За секоја точка од дневниот ред се води расправа.

Претседателот формулира заклучок, одлука и сл., го става на гласање и ги соопштува резултатите од гласањето.

Членот на Интеруниверзитетската конференција, кој на седницата ќе го издвои своето мислење, може да побара во записникот да се внесат битните делови од неговото мислење.

На барање на член на Интеруниверзитетската конференција, како составен дел на записникот се внесува и авторизираната дискусија на членот, кој е должен писмено да ја достави во рок од седум дена по завршувањето на седницата.

Се назначува времето кога седницата е завршена или прекината, со наведување на причините за прекинот.

Составен дел на записникот во архивата на Интеруниверзитетската конференција се доставените материјали за седницата и актите донесени на седницата.

Текот на седницата се снима на носач на звук, кој е составен дел на записникот.

**Член 24**

Претседателот на Интеруниверзитетската конференција ја прекинува седницата ако во текот на траењето се намали бројот на присутните, со што ќе се предизвика недостиг од мнозинство членови, потребни за работа и одлучување (кворум), или заради нарушување на редот во салата во која се одржува седницата.

Седницата може да се прекине од страна на претседателот или со одлука на Интеруниверзитетската конференција, ако таа трае подолго од три часа или ако не може да заврши во истиот ден.

Прекинатата седница продолжува во рок од седум дена, сметано од наредниот ден од денот на прекинувањето, без дополнување на дневниот ред.

**Член 25**

По исцрпувањето на прашањата од дневниот ред, претседателот на Интеруниверзитетската конференција констатира дека седницата е завршена.

**Член 26**

Записниците од седниците и одлуките на Интеруниверзитетската конференција се објавуваат на веб-страницата на Интеруниверзитетската конференција, и задолжително им се доставуваат на сите универзитети кои членуваат во Интеруниверзитетската конференција.

**Член 27**

Интеруниверзитетската конференција за својата работа изготвува извештај, најдоцна до 31 декември за претходната учебна година.

Извештајот од став 1 на овој член се доставува до сенатите на универзитетите кои се нејзини членки најдоцна до 30 јануари.

Извештајот се објавува на веб-страницата на Интеруниверзитетската конференција.

***Одлучување***

**Член 28**

Интеруниверзитетската конференција, на своите седници, донесува општи акти, одлуки, заклучоци, препораки и други акти, зазема ставови по одделни прашања и дава предлози и мислења (во понатамошниот текст: акти).

**Член 29**

По предложените акти од дневниот ред се води претрес и дискусија, а по нивното завршување, претседателот формулира заклучок, го става на гласање и го соопштува резултатот од гласањето, со дефиниран текст на актот.

Ако во текот на претресот бидат предложени различни заклучоци, претседателот ги формулира и ги става на гласање поединечно, според редоследот на поднесувањето, а членовите се изјаснуваат со гласање за секој заклучок поединечно, а потоа се соопштува резултатот од гласањето. На крај се гласа за заклучокот на предлагачот, целосно или со евентуалните измени, откако претседателот ќе го формулира дефинитивниот предлог-заклучок. На крајот, тој го соопштува дефинитивно усвоениот акт, кој влегува во записник.

Интеруниверзитетската конференција одлучува со мнозинство утврдено со Статутот на Интеруниверзитетската конференција.

Актите што ги донесува Интеруниверзитетската конференција ги потпишува претседателот на Интеруниверзитетската конференција.

**Член 30**

Јавното гласање се врши со дигање рака или поименично, за што одлучува Интеруниверзитетската конференција.

Тајно се гласа во случаите утврдени со закон, со Статутот на Интеруниверзитетската конференција и кога Интеруниверзитетската конференција за тоа посебно ќе одлучи.

**Член 31**

Членот на Интеруниверзитетската конференција се изјаснува со „за“ или „против“ предлогот, или со воздржување од гласањето.

Пред гласањето, претседателот констатира дали има кворум и доколку има, се пристапува кон гласање.

По завршеното гласање, претседателот ги утврдува резултатите од гласањето и врз основа на тоа објавува дали предлогот за кој се гласало е усвоен или одбиен.

**Член 32**

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња.

Гласачките ливчиња мораат да бидат со еднаква големина и во иста боја.

Тајното гласање го спроведува комисија од три члена, избрана од Интеруниверзитетската конференција.

**Член 33**

Пред да се премине на тајно гласање, генералниот секретар ги дава потребните објаснувања за начинот на гласање.

Гласачките ливчиња се даваат на членовите на Интеруниверзитетската конференција и гласањето се врши со прозивка според списокот на членовите.

**Член 34**

Во гласачкото ливче, кога се предлага избор на носители на одредени функции, се наведуваат функцијата за која се врши изборот и името и презимето на кандидатите поединечно, според азбучниот ред на нивните презимиња.

Пред името и презимето на секој кандидат се става реден број.

При тајното гласање за избор на одделни носители на функции, членовите на Интеруниверзитетската конференција гласаат на тој начин што го заокружуваат редниот број пред името и презимето на кандидатот.

За неважечко ќе се смета гласачкото ливче на кое се заокружени редните броеви пред имињата и презимињата на повеќе кандидати од бројот што се избира, непополнетото гласачко

ливче, ливчето на кое се внесени нови имиња и ливчето од кое со сигурност не може да се утврди за кој кандидат гласал членот на Интеруниверзитетската конференција.

Ако некој, односно ако ниту еден од предложените кандидати не го добие потребното мнозинство, гласањето се повторува (само за непополнетите места) со други кандидати, односно за сите места со други кандидати, по истата постапка.

**Член 35**

По спроведеното тајно гласање, претседателот на изборната комисија ги соопштува резултатите од гласањето, а претседателот на Интеруниверзитетската конференција ја формулира одлуката која се внесува во записникот.

**Член 36**

Тајното гласање за предлогот во целина се врши на тој начин што во гласачкото ливче се наведуваат предлогот и зборовите: „за“ и „против“, а гласањето се врши со заокружување на еден од наведените зборови.

***Одржување седници преку електронски средства***

**Член 36-а**

Интеруниверзитетската конференција, по правило, работи на седници со физичко присуство.

По исклучок, седниците може да се одвиваат преку дигитална платформа (конференциска врска), која овозможува двонасочна комуникација без физичко присуство или преку електронска пошта.

Кога седницата се одвива преку дигитална платформа (конференциска врска), која овозможува двонасочна комуникација без физичко присуство, се закажува седница и се праќа известување преку електронска пошта во која е наведена интернет-адресата преку која се врши аудио и/или визуелно приклучување на седницата.

Кога седницата се одвива преку електронска пошта, комуникацијата задолжително се одвива со користење на опцијата „одговор до сите“ (reply to all).

За начинот на одржување на седницата одлучува претседателот на Интеруниверзитетската конференција.

**Член 36-б**

За спроведување на седниците на Интеруниверзитетската конференција без физичко присуство се користи апликацијата Microsoft Teams во рамките на Microsoft365-платформата за колаборација.

**Член 36-в**

Евиденциониот лист за присуство на седницата се извлекува од апликацијата Microsoft Teams.

Членовите на Интеруниверзитетската конференција се најавуваат со полно име и презиме.

Текот на седницата се снима со помош на платформата Microsoft365, која има техничка можност за аудиоснимање и е составен дел од записникот.

**Член 36-г**

Секоја точка за која е предвидено гласање по завршувањето на расправата, се става во електронски формулар, во кој се наведува називот на точката со можни избори за гласање: „за“, „против“ и „воздржан.

Гласањето се прави со избор на една од понудените опции од став 1 на овој член и притисок на соодветно копче за поднесување (submit) на гласањето.

Кога еднаш ќе го поднесе формуларот, членот повеќе не смее да прави измени.

Сите членови „присутни“ на е-седницата се обврзани да се изјаснат.

Членовите гласаат од моментот кога претседателот на Интеруниверзитетската конференција ќе го отвори гласањето (не пред тоа), до моментот кога претседателот на Интеруниверзитетската конференција ќе го затвори гласањето (не потоа).

Во текот и по завршувањето на гласањето се појавува информативен панел за процентуалниот износ за секој избор од гласањето, како и бројот на членови кои гласале од што може да се утврди кворумот.

**Член 36-д**

Ако во текот на расправата по точката и дневниот ред се поднесени амандмани, прво се гласа за секој амандман посебно, на начин утврден во член 36-г од овој Деловник.

Пречистен текст на акт(от/ите) ко(ј/и) треба да се усво(и/јат), со внесените прифатени амандмани, им се доставува на членовите со е-пошта која содржи и линк до формулар сличен на формуларот од член 36-г од овој Деловник.

Со следење на линкот, на членот ќе му биде претставен формуларот, кој го пополнува со сво(јот/ите) избор(и), и на крај го завршува гласањето со притискање на соодветно копче за поднесување (submit) на гласањето. Кога еднаш ќе го поднесе формуларот, членот повеќе не смее да прави измени.

Во зависност од бројот на амандманите и сл., членовите ќе бидат дополнително известени за денот и часот на гласање на пречистениот текст на актот.

За пречистениот текст, за поедноставните точки може да се гласа и веднаш по завршувањето на е-седницата, за што одлучува претседателот на Интеруниверзитетската конференција.

**Член 36-ѓ**

Ако на седницата има точка за која е потребно тајно гласање, одржувањето на седниците се реализира на комбиниран начин, односно за другите точки се расправа и се одлучува на еден од начините утврдени во овој Деловник - глава ***Одржување седници преку електронски средства***, а за тајното гласање со физичко присуство.

Тајното гласање се спроведува во одреден временски период, кој го одредува претседателот на Интеруниверзитетската конференција.

Резултатите од тајното гласање се објавуваат на е-адресата на Интеруниверзитетската конференција: ikrsm@ukim.edu.mk.

**Член 36-е**

За распишување конкурси, јавни повици и сл., за избор на членови во други органи и тела согласно со соодветни закони, се гласа за сите конкурси со едно гласање.

Гласањето од став 1 на овој член се применува доколку нема забелешки на текстовите на некој од конкурсите. Ако има забелешки на некој конкурс/конкурси, за нив се гласа поединечно, а за текстовите на конкурсите за кои нема забелешки се гласа групно на начините утврдени со овој Деловник - глава ***Одржување седници преку електронски средства.***

Во гласањето, согласно со став 1 на овој член, за секој конкурс се наведуваат можностите „за“, „против“ и „воздржан“ и резултатите се евидентираат за секој конкурс одделно.

**Член 36-ж**

Кога седницата се одржува со помош на електронска пошта, целокупната комуникација од доставувањето на дневниот ред, дискусиите и гласањето се одвива текстуално со пораки кои се испраќаат по е-пошта. Јавноста се обезбедува на тој начин што пораките што ги испраќа членот ги добиваат сите други членови на Интеруниверзитетската конференција - се користи можноста за испраќање на пораките на е-адресата на Интеруниверзитетската конференција: ikrsm@ukim.edu.mk

Најпрво се гласа за дневниот ред. Ако има предлог за нова/нови точки, прво се гласа за новата/новите точки, а потоа за целосниот дневен ред со прифатените дополнувања.

По усвојувањето на дневниот ред се дава време од два часа за дискусија за сите точки. По завршувањето на дискусијата, гласањата се изведуваат со е-пошта, при што на членовите со е-порака им се испраќа формулар во кој тие треба да го внесат своето гласање и да го испратат на е-адресата на Интеруниверзитетската конференција. Се гласа во време што ќе го определи претседателот на Интеруниверзитетската конференција.

***Материјални и организациони прашања***

**Член 37**

Стручните, административните и техничките работи поврзани со работата на Интеруниверзитетската конференција, со надоместок, ќе ги врши Стручната служба на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

За одредени стручни, административни и технички работи можат да бидат ангажирани и лица од стручните служби на универзитетите кои се членки на Интеруниверзитетската конференција.

Лицата што ќе ги вршат стручните, административните и техничките работи, како и висината на надоместокот, со посебно решение ќе ги одреди претседателот на Интеруниверзитетската конференција.

***Преодни и завршни одредби***

**Член 38**

Толкување на одредбите на овој Деловник дава Интеруниверзитетската конференција.

Со денот на влегувањето во сила на овој Деловник престануваат да важат одредбите од Деловникот на Интеруниверзитетската конференција од 24.8.2010 година.

**Член 39**

Овој Деловник влегува во сила со денот на донесувањето.

**Интеруниверзитетска конференција**
**на Република Северна Македонија**
**Претседател**

**Проф. д-р Сашо Коруновски**

---

* **Пречистениот текст ги опфаќа:**

- Деловникот за начинот на работа и одлучувањето на Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија бр. 19-1010/3 од 6.11.2018 г. и
- Деловникот за измена и дополнување на Деловникот за начинот на работа и одлучувањето на Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија бр. 19-1031/2 од 29.10.2021 година